**20250661384**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 март 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2025 ГОДИНА

I

(1) Со оваа програма ќе се реализираат интервентни мерки за финансиска поддршка во земјоделството за ублажување на последиците од нарушувањата на пазарот предизвикани од зголемувањето на производствените трошоци за производство на земјоделските култури и ниските откупни цени, преку Интервентниот фонд за земјоделство.

(2) Средствата за реализација на оваа програма во износ од 300.000.000,00 денари обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24), Раздел 140.04 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), Потпрограма 21 – Интервентен фонд за земјоделство, ставка 464 – Разни трансфери ќе се користат за следната интервентна мерка:

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во земјоделството | 300.000.000,00 |
| Вкупно | | 300.000.000,00 |

.

II

Средствата од делот I став (2) од табелата мерка 1 „Финансиска поддршка во земјоделството“ од оваа програма во износ од 300.000.000,00 денари се наменети за реализација на следната подмерка:

| 1. | Финансиска поддршка во земјоделството | |
|---|---|---|
| Број на подмерка | Име на подмерката | Корисници на подмерката и висина на финансиската поддршка |
| 1.1. | Финансиска поддршка за предадена оризова арпа на регистрирани откупувачи и/или преработувачи | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат поднесено барање по подмерка 1.1. „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година, кои имаат засеани и ожнеани површини со ориз и оствареното производство го имаат предадено на регистрирани откупувачи и/или преработувачи во период од 1 октомври 2024 година до 28 февруари 2025 година, кои се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2. Максималната количина на оризова арпа која е прифатлива за финансиската поддршка е 8.000 килограми по пријавен хектар со оризова арпа по подмерка 1.1. „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година.<br>3. Висината на финансиската поддршка изнесува 3 денари по килограм за количини предадени во период од 1 октомври до 31 октомври 2024 година и 6 денари по килограм за количини предадени во период од 1 ноември 2024 година до 28 февруари 2025 година. |

III

Финансиската поддршка од дел II за подмерката 1.1. „Финансиска поддршка за предадена оризова арпа на регистрирани откупувачи и/или преработувачи“ од оваа програма, ќе се врши врз основа на податоци за предадена оризова арпа на регистрирани откупувачи и/или преработувачи кои се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи, кој се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кои до Агенцијата ги доставува Државниот инспекторат за земјоделство за секое земјоделско стопанство одделно, најдоцна до 31 март 2025 година.

IV

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата врз основа на донесено решение за исплата од страна на Агенцијата, најдоцна до 31 декември 2025 година.

V

Директорот на Агенцијата заклучно со 31 декември 2025 година доставува до Владата на Република Северна Македонија извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и причини за отстапување.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-3018/5
25 март 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.